Улога на ментор во водење на специјализантот по семејна медицина

Менторот во текот на спроведувањето на планот и програмата за специјализациите обезбедува и дополнителни активности и е **одговорен во соработка со едукаторот на специјализантот да му овозможи да ги исполни вештините од планот и програмата за специјализациите**, и да успее да ги совлада знаењата и вештините во текот на специјализацијата.

Менторот го води специјализантот во спроведувањето на специјализацијата, и може да води најмногу шест специјализанти од специјализацијата по семејна медицина.

Ако менторот не му овозможи на специјализантот да ги исполни вештините од планот и програмата за специјализациите, не може да води нов специјализант.

Менторот го потврдува успешно совладаниот дел од специјализациите со што специјализантот се стекнува со можноста да ја продолжи специјализацијата.

Ако специјализантот не го совлада успешно делот од специјализацијата (турнусот) времетраењето на специјализацијата се продолжува за времето потребно за совладување на соодветниот дел од специјализацијата (во натамошниот текст: повторен турнус).

Специјализантот е должен да го повтори целиот или дел од турнусот, ако менторот процени дека успешно не ги совладал знаењата и вештините од планот и програмата.

Менторот во тек на следење на напредокот на кандидатот:

- му помага во дефинирање на личниот план за учење
- врши евалуација на портфолиото
- ја следи редовноста во болничките турнуси и во модулите
- го насочува во процесот на совладување на знаењата, вештините и ставовивте

Менторот по семејна медицина треба:

- Да ја познава шемата за специјализација по семејна медицина во Македонија;
- Да има подучувачки вештини (да поминал курс за едукатори/ментори/наставници);
- Да биде посветен на наставата;
- Да има искуство како лекар (најмалку 5 години во ординација);
- Да биде активен во континуираниот професионален развој и осигурување на квалитет (собрани кредити од КМЕ);
- Да обезбеди пристап до медицински информации за специјализантот (на пример библиотека, интернет);
- Да претставува пример за специјализантот;
- *Да има добро претходно искуство со специјализанти (да биде препорачан од специјализанти или колеги).

Центар за семејна медицина, Медицински Факултет Скопје
Ул. 50 Девизија бб, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел: ++389 2 3214340
contact@semejnamedicina.mednet.mk